Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 62/0306
23.03 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12.03.2026 година, врз основа на примена жалба од **Граѓанското здружение за слободно медиумско изразување Трибуна** од Прилеп, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Европската унија е копија на Југославија со фабричка грешка – и затоа ќе се распадне“,** објавен на интернет порталот на „Нова Македонија“ (novamakedonija.com.mk) на 29.01.2026 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 12.02.2026 г., упати жалба за текстот со наслов „Европската унија е копија на Југославија со фабричка грешка – и затоа ќе се распадне“, објавен на интернет порталот на „Нова Македонија“ (novamakedonija.com.mk) на 29.01.2026 г., при што се жали неточно и нефер известување, мешање на факти и мислења, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „содржината на текстот не е точна, односно станува збор за шпекулација, каде авторот изнесува свои лични гледишта без повикување на официјални извори“.

Жалителот наведува и дека дополнително се создава недоверба кон Европската унија и нејзините земји членки, а земјата треба да стане членка на ЕУ и да гради добри односи и со ЕУ и со секоја земја членка поединечно, што според Трибуна, текстот што е колумна „изгледа на класична непријателска пропаганда“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Европската унија е копија на Југославија со фабричка грешка – и затоа ќе се распадне“, објавен на интернет порталот на „Нова Македонија“ (novamakedonija.com.mk) на 29.01.2026 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето., при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст – мислење за функционалноста и иднината на Европската унија, компарирајќи ја со причините за распадот на поранешната држава СФРЈ, односно Југославија. Темата е од јавен интерес и генерално, а и посебно за домашната јавност, имајќи ги предвид европските интегративни процеси.

Комисијата го констатираше и фактот дека текстот од страна на медиумот соодветно е објавен во рубриката Мислења, каде што авторот изнесува свој став за темата.

Текстот е личен став со песимистички оценки за иднината на ЕУ. Тој содржи остра критика на бирократизираната структура на одлучување во Европската унија и може да потикне недоверба кон ЕУ. Но, никако не може да се оцени како „непријателска пропаганда“ како што гласи една од оценките на жалителот.

Комисијата смета дека ниту една институционална структура не е догма и подлежи на критика и дека тоа сепак е дел од слободата на изразување на авторот. Впрочем, во самата ЕУ се објавени доста критички анализи, оценки, ставови, за бирократизираноста на Европската унија кои не доаѓаат од популистички или евроскептични автори, туку од академици, експерти, дипломати или политичари од земјите членки, па дури и од членовите на телата на ЕУ, каква што е на пример Европската комисија.

Оттука, Комисијата смета дека нема повреда на ниту еден од членовите на Кодексот на новинарите на Македонија на кои се жали граѓанското здружение „Трибуна“, ниту пак повреда на другите членови од Кодексот. Комисијата додава дека несогласувањето со ставовите на соговорникот не е доволно за да се констатира прекршување на етичките стандарди.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре констатирано. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595